## 10. РОДОТ ЛАЛОШОИ-ГЛАВИНОИ-ВИЗАНТИЈЦИ ОД ЛЕШОК И ЛОЗАТА ОД НЕПРОШТЕНО

### 10.1 Како и кога настанало името на родот Лалошои-Главинои и бројот на потомците

Родот Лалошои е голем и многу стар род во Лешок. Колетктивната меморија и паметење на претците ни пренесе на нашата генерација дека прв и најстар потомок е Лалош и дека тој потекнува од Лешок од свештенички род, кој по него и е наречен Лалошов род. Лалош живеел некаде околу 1670 до 1740 година. Син на Лалош бил Милош, кој живеел од околу 1710 до 1780 година, а кој имал два синови Китан и Левко. Првиот син Китан бил поп во Лешок, од кого се шири свештеничкиот род Лалошои во Лешок до денес, а вториот син Левко се преселил во Непроштено и од него се разгранила лозата Лалошои од Непроштено.

Но, многу пати сум го поставил прашањето, а кој бил таткото и дедото на Лалош ? Дали претците на Лалош биле свештеници и како се викале ? Од вкупното мое досегашно истражување, консултирање на книгите ( извор: ред.бр. 1, 16, 17, 19, 20, 40, 42, 43, 48, 50, 78 и 115 ) , потоа, анализирајќи ги родовите во Лешок, Црквите и свештениците, куќите, нивите, гробовите, носиите, славите, топонимите, имињата на лицата, прекарите, обичаите, песните и др. , дојдов до сознанија дека нашиот свештенички род имал долговековна историја и традиција од византиско, отоманско, српско до денешно време и дека истиот род во разни периоди и различно го викале. Најстаро име и во најдалечно минато во времето од 12 до 15 век ги викале Византијци, што се врзувало со свештеничкото и византијско минато. Потоа, најстаро што го знаеме и кое било во 16 и 17 век, кога го викале родот Главинои- Глајнои, во времето на епископот Никанор од Лешок и неколку векови пред и после епископот Никанор. Потоа, е времето на Лалош и после него,кога родот го викаат како Лалошои, потоа, доаѓа и времето на поп Онуфрие, како Онуфриевски или Ончееј, во времето на поп Спиро, како Спирооj и т.н. Но, заедничко на сите машки претци и на сите досегашни потомци е тоа дека Пречиста им била домашна слава, а светец заштитник им била Св. Богородица и дека имале многу силна свештеничка традиција, сите овие 6 векови, што ние ги осознавме, но, сигурно е дека свештеничката традиција ја имале и во претходните векови од 10 до 15 век, како Византијци, бидејќи, од секогаш Лешок бил седиште- центар на Полошката епископија, а родот Глајнои односно Лалошои бил доминантен не само во Лешок, туку и во Долни Полог. Во времето на цар Самоул и посебно за време на владеењето цар Василиј Втори, кога Византија била најсилна, властите и давале максимална подршка на црквата за градење на цркви и посебно да може да ги зголемува земјопоседите. Така, Црквата се јавува како еден од најголемите велепоседници со што и имала големо влијание и подршка на византијската влест. Од тогаш и свештените лица се здобиле со големи земјопоседи, меѓу кои и нашиот свештенички род Главинои-Лалошои. Така, во Лешок, најголеми земјопоседници биле Црквата во Лешок и свештеничкиот род Главинои-Лалошои, а од тогаш (10 -11 век) нашиот род има и византиски корени и од таму и не нарекуваат и Византијци. Од 10 - 11 век, до денес, нашиот род ги има и нивите во посед, бидејќи, византиската власт, а подоцна и отоманската власт, познато е дека ја почитувале сопственоста и на црквата и на свештените лица и не се мешале во верата.

До денес мај 2008 година, јас успеав да соберам податоци за околу 2000 лица ( машки и женски ) во 13 колена на родот Лалошои од Лешок и лозата од Лалошои од Непроштено, но, бев приморан да направам пресек и обработив само 1645 лица од само 12 колена, од кои 1268 лица од Лалошои од Лешок и 377 лица од лозата од Лалошои од Непроштено. Со оглед на големината и бројноста на лицата во родот Лалошои, во програмата excel изготвив Табела бр. 1 , Табела бр. 2 и Табела бр. 2-а, кои се прилог на крајот на книгава. Двете табели ги нареков Пирамида на мојата фамилија Спироски и родот Лалошои од Лешок и лазата на Лалошои од Непроштено, при што во Табелата бр. 1 се обработени најстарите познати 17 лица-потомци, од кои 14 лица од Лешок и 3 од Непроштено и тоа од прво до петo колено.

Во Табелата бр. 2 и 2-а се обработени податоци од шесто до дванаесето колено на 1.628 лица, од кои 1.254 лица од Лалошои од Лешок и 374 лица од лозата од Лалошои од Непроштено.

Напоменувам дека Табелата бр. 1 и Табелата бр. 2 и 2-а се внесени на крајот на оваа книга, под назив Пирамида и секој член на овој род е внесен со името и бројот под кој е евидентиран.

Во продолжение давам збирен Рекапитулар, по колена за родот Лалошои, од кои одделно давам податоци за родот од Лешок и лозата од Непроштено. Овој Рекапитулар е составен дел на Пирамидата на фамилијата Спироски и родот Лалошои од Лешок и лозата на Лалошои од Непроштено, кои се внесени и обработени во Табелата бр. 1 и Табелата бр. 2 и 2-а, кои се составен дел на крајот од книгата.

| | | **Р Е К А П И Т У Л А Р ( VI - XII )** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КОЛЕНО I - V** | **КОЛЕНО VI** | **КОЛЕНО VII** | **КОЛЕНО VIII** | **КОЛЕНО IX** | **КОЛЕНО X** | **КОЛЕНО XI** | **КОЛЕНО XII** |
| | | **ЛАЛОШОИ-Лешок ( VI - XII ) :** | | | **1254** | | |
| **14** | **14** | **62** | **188** | **375** | **489** | **126** | |
| | | **Лоза Непроштено ( VI - XII ) :** | | | **374** | | |
| **3** | **3** | **8** | **37** | **101** | **139** | **84** | **2** |
| | | **ЛАЛОШОИ ( VI - XII ) СЕ:** | | | **1628** | | |
| **17** | **17** | **70** | **225** | **476** | **628** | **210** | **2** |
| | | **Р Е К А П И Т У Л А Р ( I -XII )** | | | | | |
| | | **ЛАЛОШОИ-Лешок ( I - XII ) :** | | | **1268** | | |
| | | **Лоза Непроштено ( I - XII ) :** | | | **377** | | |
| | | **ЛАЛОШОИ ( I -XII ) ВКУПНО:** | | | **1645** | | |

Со цел да му биде појасно на читателот на оваа книга, податоците од Табелата бр. 1 , за 34 лица од прво до шесто колено, од Лалош (01) од Лешок до Зафир (34)

од Непроштено, изготвив посебен Преглед на родот Лалошои од Лешок и лозата Непроштено од прво до шесто колено, по имиња и по места, кој е даден подолу и верувам визуелено на читателот ќе биде многу појасно.




(Преглед на родот Лалошои од Лешок и лозата од Непроштено-од прво до шесто колено )
(Check of the kin Lalosoi - Lesok and the family tree -of Neprosteno-of first to sixth generation)